Заедница на единиците на локалната самоуправа на р.Северна Македонија-ЗЕЛС

# ДОБРИ ПРАКСИ СО СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ ИНТЕГРИРАЊЕ НА РОДОВАТА ПЕРСПЕКТИВА ВО

Скопје, јуни 2026

**Вовед**

**Методолошки пристап**

**Идентификуван проблем**

**Решение – Родово одговорна мерка**

**Резултати**

**Одржливост**

**Заклучоци**

## 1. ДОБРИ ПРАКСИ СО СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

### Вовед

Согласно Методологијата за интергирање на родовата еднаквост во управувањето со отпад на локално ниво беа развиени две мерки за вклучување на родовата димензија за управување со отпад, **во Општина Кавадарци** и **Општина Крива Паланка**. Мерките беа финансиски поддржани од НАЛАС во рамките на проектот “ Вклучување на родовата перспектива во испораката на локални услуги низ земјите од Југоисточна Европа преку НАЛАС“, а со експерста поддршка на одговорните лица во ЗЕЛС, за родова еднаквост и за животна средина.

### Методолошки пристап

Процесот вклучуваше анализа на состојбата, идентификација на родови аспекти, дефинирање и спроведување на мерка и следење на резултатите.

### Идентификуван проблем

Во село Марена постоеше стар и дотраен контејнер кој не ги задоволуваше потребите на населението и не поттикнуваше селекција на отпад.

### Решение – Родово одговорна мерка

Поставени се нови контејнери и метално срце за собирање пластични капачиња со едукативна функција за учениците и локалната заедница.

### Резултати

Подобрени хигиенски услови, поголема еколошка свест, развој на навики за селекција и поддршка на циркуларната економија.

### Одржливост

ЈП Комуналец Кавадарци обезбедува редовно одржување и управување со инфраструктурата.

Заклучоци

Мерката претставува пример за успешно интегрирање на родовата перспектива и принципите на циркуларна економија во локалното управување со отпад.

**Во Општина Кавадарци**, во село Марена, во непосредна близина на основното училиште, беше уреден просторот и се поставија нови пластични контејнери за собирање на комунален отпад, **а во насока на подигнување на свеста за собирање на отпад кај најмладите *беше поставено и метално срце за собирање на пластични капачиња***. Металното срце беше изработено од локална фирма од Општина Гевгелија која е задолжена и за негово празнење, со што ќе се унапреди меѓуопштинската соработка и размена на добри практики. Овие капачиња, локалната приватна фирма од Гевгелија, чија главна дејност е откуп и рециклирање на отпадни материјали,овие собрани капачиња ќе ги рециклира, и истите не завршуваат како отпад туку како суровина за производство. Ова е не само пример за подигнување на свеста за собирање и селекција на отпад, туку и локален пример на циркуларна економија. Односно како општината може да ги локализира политиките за циркуларна економија и да развива и поддржува такви мерки. Иницијативата (собирање капачиња → рециклирање → донации) е родово неутрална по дизајн, но во пракса има родови ефекти во: учество, волонтирање и одлучување. Родовите улоги во оваа мерка се препознаваат во тоа што жените доминатно се повеќе вклучени во собирањето на отпад, во случајот капачиња, понатаму се вклучени во активности во градинка/училиште, како и во волонтерски акции. Родовата улога се препознава во традиционалното поврзување на жените со грижа за семејството и екологија. Мажите пак се вклучени во техничкиот сегмент во производство на срцето, транспорт на контејнери и логистика при одлагање на отпадот.

Од аспект на циркуларна економија, оваа мерка се фокусира на жените кои се клучни „промотори на циркуларност“ кои влијаат на однесување во домаќинства и ја пренесуваат еко-културата, како и ја поттикнуваат заедницата. Но, нивната улога е социјална, не економска и најчесто овој труд е невидлив и се потценува.

Поставувањето на метално срце ќе поттикне развој на еколошка свест, навики и активности кај учениците за правилна селекција на отпадот, а учениците тоа ќе го пренесат и во домот, со што ќе се намали товарот кај жената/мајката. Новиот контејнер пак ќе овозможи поголем капацитет за собирање отпад и заштеда во време и ресурси во домаќинството во одлагањето на отпад, како и подобри хигиенски услови.



Фото 1. Метално срце за селекција и собирање на пластични капачиња

Пред да биде воведена оваа мерка, во овој дел од селото имаше само еден, стар и дотраен контејнер, кој не ги задоволуваше потребите на населението ниту пак ги задоволуваѓе стандардите за хигиена и селекција на отпад.



Фото 2. Стар контејнер, пред да биде воведена мерката

Со воведената мерка ќе се зголеми ефективноста на управувањето со отпадот, ќе се подобри визуелниот изглед на просторот и ќе се поттикнат едукативни и еколошки активности кај децата во училиштето. Локацијата е соодветно осветлена со јавно улично осветлување, а училиштето располага со сопствено осветлување што придонесува за безбедно користење на просторот. По поставувањето на елементите контејнери и метално срце, ЈП „Комуналец" – Кавадарци ќе биде одговорно за редовното управување со отпадот во новите контејнери.



Фото 3. Нови контејнери



Фото 4. Пластични канти за селекција на отпад поставени во дворот во основното училиште ,,Страшо Пинџур” во село Марена

Во основното училиштето ,,Страшо Пинџур” во село Марена има вкупно 35 ученици, од кои 20 се девојчиња и 15 се момчиња. Во селото живеат вкупно 997 жители, а  местото за одлагање на отпад каде е поставен контејнерот го користат околу 400 лица.

**Општина Крива Паланка**

Вовед

Согласно Методологијата за интегрирање на родовата еднаквост во управувањето со отпад на локално ниво, Општина Крива Паланка разви и спроведе родово одговорна мерка за подобрување на управувањето со отпадот и поттикнување на циркуларната економија.

Методолошки пристап

Процесот опфати анализа на локалните потреби, идентификација на родовите аспекти во управувањето со отпадот, подготовка и имплементација на мерката, како и следење на нејзините ефекти врз локалната заедница.

Идентификуван проблем

Во Крива Паланка постоеше потреба од поголема информираност и практична вклученост на граѓаните во селекцијата на отпад, како и намалување на отпадот што завршува во Крива и Дурачка Река. Дополнително, беше препознаена потребата за поголемо учество на жените и младите во еколошките активности и процесите на донесување одлуки поврзани со животната средина.

Решение – Родово одговорна мерка

Општината воспостави Еко-Лаб – Жива станица за циркуларна економија, поставена во близина на спортскиот комплекс и реката Крива Река. Инфраструктурата содржи модуларен селективен остров, информативна табла со QR код и уметничка инсталација изработена од рециклирани материјали. Дополнително беше спроведена информативна кампања преку флаери доставени до домаќинствата заедно со комуналните сметки и беше организиран ученички конкурс на тема „Реката не е депонија – твојата одлука прави разлика“. Родовиот аспект беше интегриран преку изборот на локација што ја користат голем број жени, мајки и деца, како и преку активности што го поттикнуваат нивното активно учество во селекцијата на отпадот.

Резултати

- Воспоставена е нова еко-инфраструктура за селекција на отпад.
- Зголемена е информираноста на граѓаните преку информативната кампања.
- Учениците активно се вклучија во еколошки активности преку видео-конкурсот.
- Победничките видеа достигнаа значителен број прегледи и интеракции на социјалните мрежи, што придонесе кон подигнување на јавната свест.

- Се поттикна родово балансирано учество во управувањето со отпад и во еколошките иницијативи.
- Се создадоа услови за намалување на отпадот во локалните водотеци и подобрување на животната средина.

Одржливост

Одржливоста на мерката се обезбедува преку долгорочното функционирање на Еко-Лаб станицата и информативните табли, континуираната комуникација на ЈКП со граѓаните, капацитетите на општината и Советот на млади за продолжување на активностите, како и користењето на подготвените едукативни материјали и видео-содржини во идни кампањи.

Заклучоци

Мерката претставува успешен пример за интегрирање на родовата перспектива во управувањето со отпадот преку комбинирање на инфраструктурни решенија, едукација и активно учество на заедницата. Таа придонесува за развој на циркуларната економија, подобрување на локалната животна средина и зголемување на учеството на жените и младите во еколошките процеси и иницијативи.

Се воспостави Еко-Лаб: Жива станица за циркуларна економија, интерактивна микро-инфраструктура поставена во близина на р. Крива Река, во кругот на спортскиот комплекс – локација со висока фреквенција на движење, особено на семејства, мајки со деца и млади. Во непосредна близина се наоѓа детски парк и игралишта, што ја прави оваа локација стратешки избрана за влијание врз секојдневните навики на граѓаните. На локација веќе постои осветлување, со што се обезбедува безбеден, пристапен и функционален јавен простор кој поттикнува редовно користење од жителите. ЈП Комуналец изгради бетонска подлога/платформа со ограничувачки ивичен елемент, на која се поставени контејнерите, овозможувајќи директна интеграција на селекцијата на отпад во секојдневните активности на граѓаните. Родовата перспектива е интегрирана преку изборот на локација и дизајнот на активноста, имајќи предвид дека жените, особено мајките, се меѓу најчестите корисници на овој јавен простор и имаат значајна улога во управувањето со отпадот на ниво на домаќинство. Активноста има за цел да поттикне нивно активно учество во практична селекција на отпад и пренесување на овие навики кај децата.

Ефектите од оваа родово-сензитивна поставеност можат да бидат следени преку: процент на жени корисници на Еко-Лаб станицата (преку терenski набљудувања и кратки анкети), број на мајки/старатели кои изјавуваат дека практикуваат селекција на отпад во домаќинството, ниво на информираност кај

жени и млади за правилна селекција на отпад, учество на жени и девојки во едукативните и промотивните активности поврзани со Еко-Лаб

На овој начин, Еко-Лаб станицата не претставува само инфраструктурно решение, туку и алатка за мерење и поттикнување на родово балансирано учество во циркуларната економија, со долгорочно влијание врз однесувањето на домаќинствата и заштитата на реката.

Инфраструктурата содржи неколку комплементарни елементи:

1.Модуларен селективен остров

2.Информативна табла со QR код

3.Уметничка инсталација од рециклиран материјал





Фото 1 и 2. Инфраструктура на Еко-Лаб

Исто така се спроведе и информативна кампања со доставување на флаери со пораки за селекетирање заедно со комуналните сметки  за вода и смет за месец мај, 2026 година до  домаќинствата во Крива Паланка.



Фото 3. Инсертирање на флаери во сметките за комунален отпад









Фото 4. Инсерти од информативната еко-кампања

Со поставувањето на информативни табли се зајакнува информираноста кај домаќинствата и обезбедува континуирано едукативно влијание врз правилното управување со отпадот, особено кај помладата генерациоја која е технички пописмена.

Јавната еко-едукативна кампања која се спроведе беше со цел мобилизирање на заедницата, особено младите, за нивно активно учество, со посебен акцент на родовата перспектива и улогата на жените како носители на промени во домаќинствата. Во рамки на јавната еко-едукативна кампања беше организиран награден конкурс за ученици на тема **„Реката не е депонија – твојата одлука прави разлика"**. Конкурсот имаше за цел да ја подигне јавната свест за заштита на животната средина и локалните водотеци преку поттикнување на креативноста, иновативноста и активното учество на младите. Посебен акцент беше ставен на интегрирањето на родовата перспектива, еднаков пристап и заедничка одговорност на девојчињата и момчињата во создавањето почиста и поинклузивна локална заедница. На конкурсот беа доставени девет видео-записи, од кои стручното жири избра три најуспешни трудови согласно однапред утврдените критериуми. Победниците беа наградени со симболични парични награди како поттик за понатамошно граѓанско и еколошко ангажирање.

**Резултати од конкурсот**

**Прва награда** Видео: *„Реката не заслужува ѓубре, таа е за сите нас"* Видео-содржината оствари повеќе од **9.000 прегледи** и **134 реакции** на социјалните медиуми, што укажува на значителен интерес и досег до јавноста.

**Втора награда** Видео: *„Ајде да дејствуваме, реката да не ја загадуваме“* Видео-содржината оствари над **1.500 прегледи** и **11 реакции**, придонесувајќи кон промоција на поодговорно однесување кон животната средина.

**Трета награда** Видео: *„Чиста река, здрава иднина“* Видео-содржината достигна повеќе од **8.200 прегледи** и **54 реакции**, пренесувајќи пораки за значењето на чистите водотеци и одржливиот развој.

**Анализа на ефектите**

Големиот број прегледи и интеракции покажува дека користењето на дигитални и социјални медиуми претставува ефикасен механизам за еколошка едукација на младите. Истовремено, конкурсот овозможи активно учество на учениците во процесите на информирање и подигање на јавната свест, поттикнувајќи ги да станат носители на позитивни промени во локалната заедница.

Еве го и линкот од најдобрите три видеа од конкурсот:

9K views · 134 reactions | 🥇 ПРВА НАГРАДА „Реката не заслужува ѓубре, таа е за сите нас Ова видео го освои првото место на конкурсот „Реката не е депонија – твојата одлука прави разлика, организиран од Општина Крива Паланка во рамки на проектот „

1.5K views · 11 reactions | 🥈 ВТОРА НАГРАДА „Ајде да дејствуваме, реката да не ја загадуваме Ова видео го освои второто место на конкурсот „Реката не е депонија – твојата одлука прави разлика, организиран од Општина Крива Паланка во рамки на прое

8.2K views · 54 reactions | 🥉 ТРЕТА НАГРАДА „Чиста река, здрава иднина Ова видео го освои третото место на конкурсот „Реката не е депонија – твојата одлука прави разлика, организиран од Општина Крива Паланка во рамки на проектот „Интегрирање на р

Овој интегриран пристап обезбедува:

системско решение насочено кон превенција на отпадот

долгорочна одржливост преку комбинација на инфраструктура и едукација

родово балансирано учество во процесите на управување со отпад

намалување на притисокот врз реките и подобрување на квалитетот на животот

Очекуван импакт:

• подобрена примена на навиките за селекција на отпад на ниво на домаќинства

• Намалено количество на отпад во Крива и Дурачка река

• Зголемена вклученост на жените во еколошки активности и процеси на одлучување

• Подобрен квалитет на живот и почиста животна средина

• Намален ризик од загадување на земјоделските површини

• Долгорочна промена на навиките кај граѓаните

• Промовирање на принципот на циркуларна економија преку комбинирање на технички решенија со едукација на граѓаните, што обезбедува долгорочно одржливо управување со отпадот, намалување на загадувањето и повторна употреба на материјалите.

**Одржливост на оваа мерка се гледа во тоа што:**

- Еко-Лаб станицата и информативните табли претставуваат инфраструктура со долгорочна едукативна и практична вредност
- Информирањето на граѓаните продолжува преку редовната комуникација на ЈКП
- Општината, Советот на млади и ЈКП имаат капацитет да ги продолжат и реплицираат активностите
- Постоечката инфраструктура (вендинг машината, текстилните и другите садови) продолжува со редовно функционирање
- Едукативните материјали и видео содржини ќе се користат и во идни кампањи

Мерката се темели на уверувањето дека управувањето со отпадот не е само техничко, туку и социјално прашање, тесно поврзано со улогите и одговорностите во заедницата. Во процесот на спроведување ќе се обезбеди активно вклучување на жените и младите, препознавајќи ја нивната значајна улога во секојдневното управување со отпадот во домаќинствата, но и нивниот потенцијал да бидат носители на позитивни промени.

Родовата перспектива беше интегрирана во сите планирани активности – од информирање и комуникација со граѓаните, до теренски иницијативи и јавни настани. Пристапот има за цел не само да ја подобри практиката на селекција и правилно одложување на отпадот, туку и да придонесе кон поголема видливост

и учество на жените во локалните еколошки процеси. Со спроведувањето на мерката се очекува да се постави основа за поодговорни навики во заедницата, како и за постепено јакнење на родово одговорни пристапи во областа на животната средина. На овој начин, мерката има за цел да придонесе истовремено и кон подобро управување со отпадот и кон зајакнување на еднаквото учество во заедницата.